РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ДЕЛОВНИК

## ЗА РАБОТА НА РЕВИЗОРСКИОТ КОМИТЕТ

Скопје, 25 април 2012 година

Врз основа на член 45 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/2009) и Одлуката за формирање на ревизорски комитет број 15-25108/1 од 01.08.2011, Ревизорскиот комитет на седницата одржана на 25 април 2012 година, донесе:

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТА НА РЕВИЗОРСКИОТ КОМИТЕТ

## Член 1

Со овој деловник се уредува начинот на работа на Ревизорскиот комитет, како консултативно тело за прашања поврзани со внатрешната ревизија.

## Член 2

1. Ревизорскиот комитет се состанува најмалку еднаш во три месеци, на покана на претседателот.
2. Во случај на итност, на писмено барање на најмалку три члена на Ревизордкиот комитет, во рок од 10 дена, претседателот свикува вонредна седница. Кон писменото барање се приложува дневен ред и образложение за причините за свикување на седницата на Ревизорскиот комитет.
3. Дневниот ред на седницата и придружните документи се доставуваат до членовите на Ревизорскиот комитет најмалку 7 дена пред одржување на седницата.
4. Нацрт – записникот од одржаната седницата се доставува до членовите на Ревизорскиот комитет во рок од 14 дена по одржувањето на седницата.

## Член 3

1. Ревизорскиот комитет одржува седница и разгледува прашања од својот делокруг ако на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број на членови на Комитетот.
2. Секој член има право на еден глас.
3. Само членовите или лицата кои ги заменуваат во нивно отсуство, присутни на состанокот имаат право да гласаат.
4. Препораките, одлуките и мислењата, се усвојуваат со мнозинство гласови, но не помалку од 8 гласа „за“ од присутните членови или лицата кои ги заменуваат во нивно отсуство на Ревизорскиот комитет.

5. Упатствата се усвојуваат со најмалку двотретинско мнозинство гласови, но не помалку од 10 гласа „за“ од присутните членови или лицата кои ги заменуваат во нивно отсуство на Ревизорскиот комитет.

## Член 4

1. Ревизорскиот комитет по потреба формира работни групи за подготовка на предлог материјали.
2. Во работните групи може да членуваат вработени од единиците за внатрешна ревизија, на предлог на раководителот на единицата за внатрешна ревизија .

## Член 5

Овој деловник стапува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 15 - 19561/1
17 -05- 2012 2012 г.

Скопје

Претседател на Ревизорскиот комитет
Наташа Стојмановска

Република Македонија Министерство за финансии II Скопје